РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СПИ.бр. 9/25
11.06. 20 25 година
Кичево / Kërçovë

**До: Основен Суд Кичево**
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

**за пристап до информации од јавен карактер**

[redacted]

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации за подрачјето над кое имате надлежност:**

1. **Во периодот од 2020-2024 година, колку постапки се воделе и колку се уште се водат за кривични дела (од <u>ГЛАВА 19 од Кривичниот Законик</u>) казниви по членовите 186, 187, 188, 189, 190, 190-а, 191, 192, 193, 193-а, 193-б, 194 од Кривичен законик на РСМ?**
   **Податоците поделете ги посебно за секоја година, одделно за секое кривично дело и наведете го полот на сторителот, полот на жртвата, нивно сродство и место на живеење (општина).**

2. **Во периодот од 2020-2024 година, колку постапки се воделе и колку се уште се водат за <u>кривични дела во врска со семејно насилство</u> казниви по членовите 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, од Кривичен законик на РСМ? Податоците поделете ги посебно за секоја година, одделно за секое кривично дело и наведете го полот на сторителот, полот на жртвата, нивно сродство и место на живеење (општина).**

3. **Во периодот од 2023-2024 година, колку постапки се воделе и колку се уште се водат за <u>кривичното дело</u> казниво по член 123 став 2 точка 2-а *Убиство ( друг ќе лиши од живот жена или девојче до 18 години)*, при вршење на родово-базирано насилство, од Кривичен законик на РСМ? Податоците поделете ги посебно за секоја година, одделно за секое кривично дело и наведете го полот на сторителот, полот на жртвата, нивно сродство и место на живеење (општина).**

   **Во периодот од 2023-2024 година, колку постапки се воделе и колку се уште се водат за <u>кривичното дело</u> казниво по член 144-а, од Кривичен законик на**

**РСМ? Податоците** поделете ги посебно за секоја година, одделно **за секое кривично** дело и наведете го полот на сторителот, полот на жртвата, **нивно сродство** и место на живеење (општина).

4. **Во периодот од 2021-2024 година, колку постапки се воделе и колку се уште се водат за** изрекување на привремени мерки за заштита во врска **со родово заснова и семејно насилство** согласно членовите 64 и 65 а в.в. со **членот 58 од Законот за** спречување и заштита од насилство врз жените **и семејно насилство? Податоците** поделете ги посебно за секоја година, **и наведете го полот на сторителот**, полот на жртвата, **нивно сродство** и место **на живеење (општина).**

5. **Во периодот од 2021-2024 година, колку постапки се воделе и колку се уште се водат за** изрекување на итни мерки за заштита во врска со родово заснова и семејно насилство **согласно членовите 64 и 65 а в.в. со членот 57 од Законот за спречување** и заштита од насилство врз жените и семејно **насилство? Податоците поделете ги посебно за секоја година,** и наведете го **полот на сторителот, полот на жртвата,** нивно сродство и место на живеење **(општина).**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис

- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Кичево
Датум: 19.05.2025 година

[illegible]
Датум:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
# GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË

Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel: 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.9 /2025 QLl.nr.9/2025**
11.06.2025 година / viti
К и ч е в о/ Kërçovë

[redacted]

**ПРЕДМЕТ :** Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.9/2025 од 11.06.2025 година, Во прилог на ова писмо, Ви го доставуваме известувањето од барани информаци.

**Со почит.**

**Претседател на судот,**
**М-r Fluturije Dervishi**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË
Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel: 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.9/2025 QLl.nr.2/2025**
11.06.2025 година / viti
К и ч е в о/ Kërçovë

[redacted]

**ПРЕДМЕТ :** Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.09/2025 од 11.06.2025 година, Ве известуваме дека по извршениот увид во кривично оделение преку АКМИС системот се утврди дека во Основниот суд Кичево, број на кривични дела по членови, за период од 2020 до 2024 година е следното:

**1.**Во период 2020-2024 година вкупно водени постапки и кои сеуште се водаат за кривични дела.

-Вкупен број на постапки кои се воделе и сеуште се водаат за кривични дела по членови: член 186, 187, 189, 190, 190-а, 191, 192, 193, 193-а, 193-б, 194 за период од 2020-2024 година **НЕМА.**

-Член 188 - 1 (еден) предмет.- за 2022 година, за 2023 година 1 (еден) предмет.

-Член 188 од КЗ-К.бр.160/22-пол женско-малолетничка, не се во сродство место на живеење Кичево.

-Член 188 од КЗ -К.бр.226/23-пол женско-малолетничка,не се во сродство место на живеење Кичево.

**2.**Во период **2020-2024** година вкупно водени постапки и кои сеуште се водаат за кривични дела во врска со семејно насилство казниви по членовите: **123**-1 (еден)-казна затвор 2024 година, член 125- **нема,**

член **130** за **2020** година вкупно 8 (осум),

-за **2021** година вкупно 14 (петнаесет),

-за **2022** година **15** (петнаесет)

-за **2023** година **30** (триест)

-за 2**024** година **27** (дваесет и седум).

-член **131** од КЗ за 2020-нема, 2021-нема, 2022-2 (два), 2023-нема, 2024-2 (два),

-член 139-нема,
-член 140-нема

**3.**Во период **2023-2024** година вкупно водени постапки и кои сеуште се водаат за кривичното дело казниво по член 123 ст.2 точка-а Убиство (друг ќе лиши од живот жена или девојче до 18 години)-1 (едно) во 2024 година-казна затвор.

.Во период **2023-2024** година вкупно водени постапки и кои сеуште се водаат за кривичното дело казниво по член 144-а, од КЗ на РСМ, вкупно 5 (пет ) во 2024 година.

**4**.Во период **2021-2024** година вкупно водени постапки и кои сеуште се водаат за изрекување на привремени мерки за заштита во врска со родово засновано и семејно насилство согласно член 64 и 65-а в.в. со член 58 од Законот за спречување и заштита врз жени и семејно насилство-**НЕМА.**

**5.**Во период **2021-2024** година вкупно водени постапки и кои сеуште се водаат за изрекување на итни мерки за заштита во врска со родово заснова и семејно насилство согласно члeновите 64 и 65-а в.в. со членот 57 од КЗ на РСМ, од Законот за спечување и Заштита од насилство врз жените и семејно насилство. **НЕМА.**

**Со почит,**

**Службено лице за посредување**
**со информаци-судски советник**
Kadri Xhelili